КОМИСИЈА ЗА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ
НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
KOMISIONI I LETRAVE ME VLERË
I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT
SECURITIES AND EXCHANGE COMMISSION
OF THE REPUBLIC OF NORTH MACEDONIA

# ПРАВИЛА ЗА НАЧИНОТ НА ПРАВЕЊЕ И ЧУВАЊЕ НА СИГУРНОСНА КОПИЈА И ПОВТОРНО ВРАЌАЊЕ НА ЗАЧУВАНИТЕ ЛИЧНИ ПОДАТОЦИ

Скопје, јуни 2021 година

Врз основа на член 25 од Статутот на Комисијата за хартии од вредност на Република Северна Македонија бр.01-630/1 од 10.06.2019 година и член 22 од Правилникот за безбедност на обработката на личните податоци (Службен весник на Република Северна Македонија бр.122/2020), Комисијата за хартии од вредност на Република Северна Македонија на седницата одржана на 17.06.2021 година донесе

**ПРАВИЛА**

**за начинот на правење и чување на сигурносна копија и повторно враќање на зачуваните лични податоци**

**Член 1**

Со Правилата за начинот на правење и чување на сигурносна копија и повторно враќање на зачуваните лични податоци се пропишува начинот за правење на сигурносна копија, нејзино чување, како и начинот на повторно враќање на зачуваните лични податоци во сигурносната копија кои се обработуваат во Комисијата за хартии од вредност на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: Комисија) во својство на контролор.

**Член 2**

Комисијата прави сигурносни копии на личните податоци на редовни временски интервали со цел да го намали ефектот во случај на нивно губење или оштетување.

**Член 3**

Комисијата редовно ја проверува функционалноста на направените сигурносни копии на личните податоци за вршење на реконструкција на личните податоци.

**Член 4**

За правење на сигурносни копии на податоците Комисијата располага со електронска и комуникациска опрема, поточно со сервер на кој е инсталиран софтвер за бекап на податоци, при што постојано автоматски се меморираат внесените податоци.

Овој сервер ги зачувува податоците на NAS уред (Network Attached Storage). Во случај на пад на информацискиот систем или негово оштетување од каква било причина, се овозможува сите податоци да останат зачувани на NAS уредот.

**Член 5**

Заради заштита од неовластен пристап до податоците на серверот на кој е инсталиран софтверот за бекап на податоци и NAS уредот на кој се зачувуваат податоците, истите се сместени во посебна безбедна просторија заштитена со сигурносна брава до која имаат пристап само овластени лица од Комисијата.

**Член 6**

Податоците се бекапираат еднаш неделно на NAS уредот и таму се чуваат еден месец. Сите сервери се бекапираат како виртуелни машини. Во случај на пад на информацискиот систем на Комисијата, се враќаат податоците кои претходно биле зачувани на NAS уредот.

**Член 7**

При повторно враќање на зачуваните лични податоци се врши евидентирање на овластеното лице кое е овластено за извршување на операциите за повторно враќање на податоците, датумот на враќањето на податоците, категориите на податоците кои се вратени и кои биле рачно внесени при враќањето.

**Член 8**

Со денот на донесување на овие Правила престануваат да важат Правилата за начинот на правење на сигурносна копија, архивирање и чување, како и за повторно враќање на зачуваните лични податоци бр.03-643/1 од 10.06.2019 година.

Овие Правила влегуваат во сила со денот на нивното донесување и истите ќе се објават на огласната табла на Комисијата.

**Број 03-429/1**
**Скопје 07.06.2021 година**

**Комисија за хартии од вредност на**
**Република Северна Македонија**
**Претседател**
**Mr.Sc. Nora Aliti**